РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-433/3

17-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3015/1 од 07.06.2019 година оформен по пријавата поднесена на 07.06.2019 година од непознат подносител (анонимна пријава), во врска со наводи за сомневања за незаконитости во обезбедување на правата од работен однос на вработените лица во приватните правни субјекти -------------------, сите во сопственост на лицето --------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12- 3015/1 од 07.06.2019 година, од причина што во конкретниот случај постапил надлежен орган (Државниот инспекторат на труд) кој согласно своите законски надлежности по барањето на ДКСК, ја утврдил фактичката состојба кај наведените правни субјекти и презел конкретни мерки согласно закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3015/1 од 07.06.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во обезбедување на правата од работен однос на вработените лица во приватните правни субјекти ---------------------, сите во сопственост на лицето -----------------------.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-433/1 од 22.01.2020 година со кое побара од Државниот инспекторат за труд во рамките на своите законски да

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спроведе вонреден инспекциски надзор во споменатите правни субјекти, да ги провери наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Во законски утврдениот рок беше доставено Известување со број 12-445/2 од 27.02.2020 година Од Државниот инспекторат за труд до ДКСК.

Од направениот увид во прибавените податоци и приложената документација, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

Државниот инспекторат на труд со инспектори од подрачјата Штип, Кочани и Виница постапил по Барањето на ДКСК и на 17.07.2019 година извршил инспекциски надзор од областа на работните односи кај наведените работодавачи. При надзорите од страна на инспекторите се констатирани одредени неправилности и недостатоци во примената на законот, поради што се донесени решенија за нивно отстранување во определен рок. Кај правниот субјект ---------------- констатиран е и прекршок поради што инспекторот на 09.08.2019 година до Прекршочната комисија при Министерството за труд и социјална политика против правното и одговорното лице поднел барање за поведување на прекршочна постапка.

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Државниот инспекторат на труд) кој согласно своите законски надлежности по барањето на ДКСК, ја утврдил фактичката состојба кај наведените правни субјекти и презел конкретни мерки согласно закон, па оттаму заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: С. П. Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**